Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Донесувањето на одлука за одобрување на работата и на водењето на работењето со Акционерското друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост на член на Одборот на директори за 2024 година произлегува од член 383 став (1) точка 4) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18, 120/18 и „Службен весник на Република С. Македонија“ бр.290/20, 215/21, 99/22 и 272/24) според кој Собранието одлучува за одобрување на работата и на водењето на работењето со друштвото на членовите на органот на управување.

Воедно, согласно член 384 став (2) точка 3) од наведениот закон, на годишното собрание се одобрува работата на членовите на органот на управување. Согласно резултатите од работењето во периодот на мандатот од 01.01.2024 до 21.08.2024 година се констатира недоволен резултат во работењето на Друштвото за 2024 година, особено непреземање никакви активности за започнување и ставање во употреба на изградените гасоводи Делница Клечовце - Блок станица 5, Делница Блок станица 5 - Неготино, Делница Неготино - Битола и Делница Скопје – Гостивар.

Одборот на директори на Четириесет и првата седница одржана на 21.11.2025 година донесе Одлука за свикување на Годишно собрание на акционери во која на дневен ред е и точката за Одобрување на работата и водењето на работењето со НОМАГАС АД Скопје на членовите на Одборот на директори на НОМАГАС АД Скопје за 2024 година.

Бр. 47-5594/17
25 декември 2025 година
Скопје

Претседавач на Собрание,
Министер за енергетика,
рударство и минерални
суровини,
**Сања Божиновска**, с.р.

**5100.**

Врз основа на член 88 став (9) од Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), министерот за енергетика, рударство и минерални суровини на 29.12.2025 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ, ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА, РОКОТ НА ВАЖНОСТА НА ОВЛАСТУВАЊЕТО СПОРЕД ТИПОТ И КОМПЛЕКСНОСТА НА ПОЕДИНЕЧНИ ОБЈЕКТИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОВЛАСТУВАЊЕТО, КАКО И НАЧИНОТ ЗА НЕГОВО ИЗДАВАЊЕ И УСЛОВИТЕ И НАЧИНОТ НА ДОСТАВУВАЊЕ, ВРАЌАЊЕТО И НАПЛАТА НА ГАРАНЦИЈАТА**

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат:

1. формата и содржината на барањето за издавање на овластување за изградба на енергетски објекти;
2. потребната документација;
3. рокот на важноста на овластувањето според типот и комплексноста на поединечни објекти;
4. формата и содржината на овластувањето за изградба на енергетски објекти, како и начинот за негово издавање и
5. условите и начинот на доставување, враќањето и наплата на банкарската гаранција или депозитот за обезбедување на изградба на електроенергетски објект.

Член 2

(1) Барањето за издавање на овластување за изградба на енергетски објекти се поднесува во писмена или електронска форма заедно со потребната документација од членот 3 од овој правилник.

(2) Барањето се поднесува на образец во А4 формат на хартија во бела боја до архива на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини (во натамошниот текст: Министерството) или во електронска форма на следнава е-маил адреса ovlastuvanje@energy.gov.mk.

(3) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Кон барањето од членот 2 од овој правилник, барателот ја приложува следнава документација:

1. Одобрение за градење или решение за изведување на градба, односно поставување на опрема за која не е потребно одобрение за градење;
2. Ревидиран основен проект за изградба на енергетскиот објект, а за поставување на складишта на електрична енергија и дополнителната електротехничка документација (фаза-архитектура, фаза-градежен дел, фаза-електротехника и опрема и елаборат за противпожарна заштита) изработен заради дефинирање на роковите за поодделните фази на развој на проектите;
3. Известување од Министерството дека изградбата на енергетскиот објект е дел од Годишниот план за изградба на енергетски објекти и
4. Банкарска гаранција или депозит во корист на Министерството.

Член 4

Рокот на времетраење на овластувањето за изградба на енергетски објекти во зависност од типот и комплексноста на поединечни објекти се определува на следниов начин:

1. За фотонапонски електро централи:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW, со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW, со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 2 години.

2. За ветерни електроцентрали:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW, со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 6 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW, со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 3 години.

3. За проточни хидроцентрали:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 6 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 4 години.

4. За акумулацони хидроцентрали :

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

5. За реверзибилни хидроцентрали:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 11 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 7 години.

6. За реверзибилни хидроцентрали со затворен циклус:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 15 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години.

7. За биогасни електроцентрали:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

8.За електроцентрали на биомаса:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

9. За геотермални електроцентрали

- Категорија А: Објекти од 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

10. За термо електроцентрали на цврсто гориво:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 11 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 7 години.

11. За гасни електроцентрали:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

12. За високоефикасни гасни когенеративни електроцентрали:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

13. За гасни когенеративни електроцентрали:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

14. За високоефикасни когенеративни електроцентрали на водородно гориво:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

15. За електроцентрали со експериментална технологија:

- Категорија А: Објекти од и над 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 8 години и

- Категорија Б: Објекти до 1 MW со рок на важност на овластување за изградба на енергетски објекти од 5 години.

Член 5

(1) Овластувањето за изградба на енергетски објекти се издава на образец, на тврда бела картонска хартија на А4 формат.

(2) Формата и содржината на овластувањето од ставот (1) на овој член се дадени во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

(1) По добивање на барањето од членот 2 од овој правилник и приложената потребна документација од членот 3 од овој правилник, Комисијата за доделување на овластување за изградба на електроенергетски објекти (во натамошниот текст: Комисијата) го известува барателот за комплетноста на барањето и документацијата.

(2) Во случај кога документацијата од ставот (1) на овој член е неуредна и некомплетна, Комисијата од ставот (1) на овој член го известува подносителот на барањето да ја дополни и комплетира во рок од 15 дена од денот на доставувањето на известувањето.

(3) Доколку подносителот на барањето во рокот од ставот (2) на овој член не ја дополни и комплетира документацијата , Комисијата од ставот (1) на овој член го известува истиот дека не може да продолжи со разгледување на барањето од членот 2 од овој правилник.

Член 7

(1) Инвеститорот за изградба на енергетскиот објект (во натамошниот текст: барател) со поднесување на барањето од член 2 став (1) од овој правилник доставува банкарска гаранција или депозит во корист на Министерството.

(2) Банкарската гаранција или депозитот од ставот (1) на овој член, изразена во евра по MW планирана инсталирана моќност на енергетскиот објект и тоа 25.000 евра по MW моќност се доставува до Министерството во оригинална форма, во рок од 15 дена од поднесување на барањето, со рок на важност од 60 месеци.

(3) Во рокот на важноста на банкарската гаранција или депозитот од ставот (2) на овој член не се засметуваат временските периоди на настаните предизвикани од виша сила кои влијаат врз роковите и обврските во постапката, и тоа: природни катастрофи, војни или воени состојби, пандемии или епидемии прогласени од надлежни органи, владини забрани или регулаторни одлуки кои директно го попречуваат инвеститорот, како и други непредвидливи настани надвор од контрола на инвеститорот, потврдени со релевантни докази. Како виша сила не се сметаат комерцијалните ризици, финансиските тешкотии, судските постапки или грешки на инвеститорот.

(4) Доколку рокот на важност на овластувањето за изградба на енергетски објекти е подолго од 60 месеци, барателот треба најдоцна 60 дена пред истекот на рокот на важноста на банкарската гаранција или депозитот истата да ја продолжи додека трае рокот на важење на овластувањето за изградба на енергетски објект.

(5) Враќањето на банкарската гаранција или депозитот во целост се врши во рок од 45 дена од денот на завршување на изградбата на енергетскиот објект или доколку при градбата на енергетскиот објект и/или објектот за складирање на електрична енергија е достигната фаза на функционални испитувања на објектот, под услов дека се исполнети сите обврски утврдени со овластувањето и динамиката за развој на проекти.

(6) Наплатата на банкарската гаранција или депозитот се врши од Министерството поради нереализација на поделни фази за развој на проектот во дефинираните рокови од динамиката за развој на проекти, неусогласеност на фазите за реализација, непочитување на роковите определени во овластувањето, откажување или повлекување од проектот по добивање на овластувањето со исклучок на причини кои влијаат врз неисполнувањето, а се предизвикани од настани на виша сила.

(7) Министерството за покривање на настанатите трошоци и штети од банкарската гаранција или депозитот од ставот (1) на овој член наплатува:

1. 5% од вредноста на банкарската гаранција или депозитот доколку барателот се откаже пред издавање на овластувањето;

2. 30% од вредноста на банкарската гаранција или депозитот доколку носителот на овластувањето не добие решение за согласност за приклучок во рок од девет месеци од денот на влегување во сила на овластувањето;

3. 100% од вредноста на банкарската гаранција или депозитот доколку носителот на овластувањето не го изгради објектот за производство и/или складирање на електрична енергија до фазата на функционалните испитувања на објектот, а во рокот предвиден во динамиката за развој на проекти;

4. 100% од вредноста доколку во рок од 30 дена пред истекот на банкарската гаранција или депозитот носителот на овластувањето не ја продолжи важноста и

5. 100% од вредноста во случај на прекин на изградбата или неисполнување на обврските во рокот за кој е издадено овластувањето.

(8) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот утврден согласно член 93 став (1) од Законот за енергетика (*), инвеститорот треба да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој правилник, најдоцна во рок од три работни дена, а за секоја настаната промена инвеститорот треба веднаш да го извести Министерството.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 02-6304/1
29 декември 2025 година
Скопје

Министер
енергетика, рударство и
минерални суровини,
**Сања Божиновска**, с.р.

Прилог 1

Република Северна Македонија
Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

## БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТИ

**1. Податоци за подносителот на барањето:**

| | |
|---|---|
| Име и презиме/ Назив: | |
| Адреса/ Седиште: | |
| МБ/ЕМБС: | |
| Е-пошта: | |

Приемен печат на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини

**2. Лице за контакт определено од подносителот:**

| | |
|---|---|
| Име и презиме: | |
| Телефон: | |
| Е-пошта : | |

**3. Доколку друштвото учествува со удели или акции во други друштва да се наведат друштвата и колкаво е учеството:**_______________________________________________________________________________
_______________________________________________________________________________

**4. Потребна документација** (означете ги документите што се поднесуваат во прилог на барањето)

☐ Одобрение за градење или решение за изведување на градба, односно поставување на опрема за која не е потребно одобрение за градење.

☐ Ревидиран основен проект за изградба на енергетскиот објект, или за поставување на складишта на електрична енергија и дополнителната документација (фаза-архитектура, фаза-градежен дел, фаза-електротехника и опрема) изработен заради дефинирање на роковите за поодделните фази на развој на проектите.

☐ Известување од Министерството дека изградбата на енергетскиот објект е дел од Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

☐ Банкарска гаранција или депозит издадена во корист на Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини.

**5. Инсталирана моќност на енергетскиот објект, кој содржи:**

| | | |
|---|---|---|
| Тип: | | |
| Номинална моќност (производител): | | (MW) |
| Номинална моќност (потрошувач): | | (MW) |
| Складиште на електрична енергија (моќност): | | (MW) |
| Складиште на електрична енергија (капацитет): | | (MWh) |
| Очекувано годишно производство на електрична енергија | | (MWh) |

**6. Дали наведената моќност на складиштето на електрична енергија е интегрирана компонента на електроцентрала или независен енергетски објект:**

☐ ДА

☐ НЕ

**7. Локација на објектот**

| Општина | Катастарска општина | Катастарска парцела | Површина ($m^2$) |
|---|---|---|---|
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |
| | | | |

**НАПОМЕНА:**

* документ издаден во електронска форма потпишан со електронски потпис и доставен во електронска форма, се смета за оригинал

**ЗАБЕЛЕШКА**______________________________

| Датум: | М.П | Овластено лице (потпис) |
|---|---|---|
| | | |

Прилог 2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

Врз основа на член 88 став (1) од Законот за енергетика (*), Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини, издава

**О В Л А С Т У В А Њ Е**

**ЗА ИЗГРАДБА НА ЕНЕРГЕТСКИ ОБЈЕКТ**

______________________________

(број на овластување)

На носителот на овластувањето (инвеститор) ____________________, со седиште __________________________ и ЕМБС __________________, за изградба на енергетскиот објект __________________________, ________________ (тип на објектот) кој ќе се гради на локација ___________________, со инсталирана моќност____ MW, за намена ____________________, чија изградба ќе се спроведува во постапка______________________________________________,

(со наведување на долготраен закуп, приватна сопственост, јавно приватно партнерство, концесија на добра од општ интерес или посебен закон)

за што е склучен договор / донесен посебен закон____________________________________.

Овластувањето за изградба на енергетскиот објект се издава за рок на важење _________________________ година.

Рок за градење на енергетскиот објект се определува до _________________ година, а рокот за изградба на објектот до фаза на функционално испитување се определува до _________________година

Енергетскиот објект за кој се издава овластувањето е вклучен во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за ________________ година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Инвеститорот ____________________ (назив на инвеститорот) поднесе барање за издавање овластување за изградба на енергетски објект од типот ___________________ со инсталирана моќност од ____ MW на локација ____________________.

По разгледување на поднесената документација, вклучувајќи го одобрението за градење/решението за изведување на градба бр.________ од_________ година и основниот план за реализација на енергетскиот објект, Комисијата за доделување на овластување за изградба на електроенергетски објекти утврди дека се исполнети сите услови пропишани со Законот за енергетика (*) и Правилникот за формата, содржината на барањето за издавање на овластување, потребната документација, рокот на важноста на овластувањето според типот и комплексноста на поединечни објекти и формата и содржината на овластувањето, како и начинот за негово издавање и условите и начинот на доставување, враќањето и наплата на гаранцијата.

Врз основа на утврдената фактичка состојба и правните прописи, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини одлучи да го издаде ова овластување.

Скопје

________________

(место и датум на издавање на овластување)

МИНИСТЕР ЗА ЕНЕРГЕТИКА, РУДАРСТВО И МИНЕРАЛНИ СУРОВИНИ

________________________________________